АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17.02.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1016 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – **Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);**

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 јануари 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 101 и 103 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 11 јануари 2016 година, на државно ниво, констатирано е прекршување на членот 55 ставови 5 *(Во програмите кои содржат пласирање на производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање на производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот од програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите)*, 6 *(Програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки и услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување)* и 7 *(Во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор)* од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Прекршувањето е констатирано во документарно –забавните емисии (репортажи): „Ја сакам Македонија" и „Тркање", како и во документарно-забавното издание на емисијата „Аграр", чија вообичаена жанровска класификација е – *специјализирана информативна емисија, (примарно наменета за земјоделците).*

Најнапред, споменатите емисии не се означени како – *програми што содржат пласирање производи*, според начинот пропишан со ставот 5 од членот 55 на Законот. Одредени новинарски прилози - делови од мозаичните аудиовизуелни целини на наведените емисии, ги прекршуваат законските забрани при пласирање производи, пропишани со ставовите 6 и 7 на членот 55.

Од вкупното времетраење на документарно-забавната емисија (репортажа) - „Ја сакам Македонија", спорни се три новинарски прилога, чиј комерцијален пристап е составен од вербална и од графичка (слика/текст) презентација, и од

pop-up реклами со маркетиншки детали за промовираните стоки и услуги (*апартмани/угостител-ство/ракотворби*) на малостопанственици од Крушево.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **Ја сакам Македонија** (забавно-документарна;) | 02:49:11 | 03:10:47 |
| Прилог за ексклузивни апартмани од хотел „Монтана" | 02:52:51 | 02:53:21 |
| Прилог за музеј - гостилница „Крушевска одаја" | 02:57:03 | 02:59:12 |
| Прилог за здружение на жени (ситна мануфактура) „Цвет" | 03:05:57 | 03:08:53 |

Во ист законски контекст, од вкупното времетраење на документарно-забавната емисија (репортажа) за кочанското село Тркање, спорен е прилогот за „Јумис", фабриката за мебел, оти со начинот на кој е реализиран (разговор со главниот менаџер и рекламен спот за фабриката, монтажно вклопен во адиовизуелната целина), прилогот пред сè извршува промотивна, маркетиншка функција, а документарните податоци се потиснати во втор план.

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| Репортажа за с. Тркање | 05:13:34 | 05:28:35 |
| Прилог за „Јумис", фабрика за мебел | 05:19:19 | 05:22:37 |

Во целината на документарно-забавното издание од емисијата „Аграр", спорни се прилозите за млекарницата „Јока" и за винаријата „Камник", затоа што преку нагласено афирмативна вербална промоција на двете фирми, снимателски илустрирана со чести крупни планови врз трговската марка на одредени производи, примат добива промотивниот, маркетиншки ефект на прилогот, за сметка на очекуваната - документаристичка објективност на емисијата, наменета за земјоделците (на пример: *компетентна експликација на производствениот процес).*

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **Аграр** (документарно-забавно издание на специјализирана информативна емисија) – *прво емитување*; | 05:28:40 | 06:18:38 |
| Прилог за млекарницата „Јока" | 05:41:58 | 05:54:07 |
| Прилог за винаријата „Камник" | 06:04:19 | 06:18:38 |
| **Аграр** (документарно-забавно издание на специјализирана информативна емисија) – *второ емитување*; | 20:16:24 | 21:06:21 |
| Прилог за млекарницата „Јока" | 20:29:41 | 20:41:50 |
| Прилог за винаријата „Камник" | 20:52:03 | 21:06:22 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), на 11 јануари 2016 година, не го означи пласирањето производи, односно – на недозволен начин пласираше производи и услуги во документарно – забавните емисии: „Ја сакам Македонија", „Тркање" и „Аграр".

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***